РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-132/2**
**Скопје,27.11.2024 година.**

Записник од осма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 27.11.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа м-р Кети Петкова член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Макеоднија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на осмата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

**Дневен ред**

1. Разгледување и оценување на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК Скопје.
2. Разгледување на одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата.
3. Разно

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори осмата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред за оваа седница. Вака предлолжениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје г-дин Ислам Абази.

Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје г-дин Ислам Абази во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК Скопје за 2023 година, како и за извештајот на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициско овластување и припадници на затворската полиција. Истакна дека Годишниот извештај претходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ, како и на секој член од Советот на запознавање и разгледување, по што го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со вкупниот број на предмети и видот на кривични дела за извештајната 2023 година по кои постапувало ова јавно обвинителство. Истакна дека обвинителството не работи со вкупен број на јавни обвинители кои се предвидени согласно систематизацијата за ова јавно обвинителство и дека има недостаток од стручна служба. Кажа дека јавните обвинители во ОЈО ГОКК Скопје за извештајната 2023 година постапувале професионално и стручно.

Откако ОЈО на ОЈО ГОКК Скопје г-дин Ислам Абази заврши со излагањето на Годишниот извештај за ОЈО ГОКК-Скопје, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари за опсежното излагање на Годишниот извештај и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го пофали извештајот, кажа дека истиот е опсежен и дека ги содржи сите потребни податоци што треба да има еден Годишен извештај. Воедно постави прашање во делот на предметите кои се работеле во СЈО, а сега се дадени на јавни обвинители од ОЈО ГОКК. Запраша колкава е таа бројка на предмети и до каде се постапките. Смета дека Советот треба да има информација до каде е постапката со тие предмети.

ОЈО на ОЈО ГОКК Скопје г-дин Ислам Абази кажа дека во овој случај овие предмети не се водат посебно, нема посебни статистички податоци за нив, тие предмети во ОЈО ГОКК добиле своја бројка и кажа дека ги работа јавни обвинители кои претходно биле задолжени од страна на Јавниот обвинител на РСМ како и од него лично. Кажа дека сите предмети се во постапка и се постапува по истите.

Членот на Советот, г- ѓа Светлана Жупаноска кажа дека извештајот за работа за 2023 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје е добро изработен, ги содржи речиси сите податоци кои треба да ги содржи еден ваков извештај, прегледен е, со убав приказ на состојбите преку табели, графикони и споредби со претходни години. За разлика од претходните извештаи, во овој извештај се опфатени и податоци за постапување на јавните обвинители и во предметите заведени во други уписници: РО, КОН, РОПС, КОНПС и РОМПЛ. Во однос на тоа дека извештајот ги содржи речиси сите податоци, ја даде следната забелешка: во извештајот недостасува податок за видот и бројот на донесените одлуки од страна на судот по поднесени обвиненија, колку се осудителни, ослободители, одбивателни и сл. Понатаму наведе дека видно од извештајот не се поднесуваат одговори на жалба и не се води евиденција во книга за дневни настани. Од друга страна ја поздрави примената на мерката конфискација на имот, наведувајќи дека истата е најприменлива од

страна на ОЈО ГОКК, што е и очекувано со оглед на видот на кривичните дела кои спаѓаат под нивна надлежност. Како и останатите обвинителства и во ОЈО ГОКК недостасува јавнообвинителски кадар и јавнообвинителски службеници и за жал постои тренд на одлив на стручни и помошно-стручни службеници. Меѓутоа и покрај сите потешкотии, смета дека ОЈО ГОКК успешно ја обавувал својата функција, совладувајќи го приливот, а во вкупниот број на кривични пријави за лица по кои се постапувало во 2023 година, заведени во уписник КО и КОПС, имено се работи за 1.185 лица, биле донесени јавнообвинителски одлуки за 839 лица, што претставува 71% од вкупниот број. На крај кажа дека во принцип се работи за добар извештај и истиот ќе го подржи и позитивно ќе го оцени.

ОЈО на ОЈО ГОКК Скопје г-дин Ислам Абази кажа дека книга за дневни настани се води, иако согласно законот ОЈО ГОКК не е должен да води таква книга. Со делот на жалбите се согласи со констатацијата на г-ѓа Жупаноска и дека истите не биле ставени во графите. Истакна дека бројот на ослободителни пресуди е многу мал и изнесува околу 2% до 3%.

Г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека извештајот ги содржи сите потребни податоци. Кажа дека извештајот ги содржи податоци во однос на бројот на лица и дека сето тоа е искажано во графички приказ. Воедно извештајот го оцени позитивно.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски се интересираше во поглед на Истражниот центар, дали има доволен број на истражители и дали се задоволни со техничката опременост на истиот.

ОЈО на ОЈО ГОКК Скопје г-дин Ислам Абази кажа дека Истражниот центар е од големо значење за јавните обвинители во ОЈО ГОКК, се оди кон тоа бројката на истражители да се зголеми и тоа од различни области. Кажа дека центарот има своја лабараторија и софистициран софтвер кој во најкраток временски рок ги дава потребните резултати и информации.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека на колегиум било договорено по извршена анализа да се отварат уште два истражни центри во Штип и Гостивар. Воедно постави прашање како ова јавно обвинителство постапува по предметите од чл.353 од КЗ.

ОЈО на ОЈО ГОКК Скопје г-дин Ислам Абази даде образложение во однос на предметите од чл.353 ст.5 од КЗ и постапувањето на ова јавно обвинителство.

Г-дин Ермон Незири позитивно го оцени извештајот на ОЈО ГОКК за 2023 година, но лично смета како член на Советот дека кај јавните обвинители би требало да има поголема ангажираност во делот на спогодбите. Запраша каде е вината дали во јавните обвинители, во адвокатите или пак постои и некој друг проблем.

ОЈО на ОЈО ГОКК Скопје г-дин Ислам Абази кажа дека во еден предмет има поголем број на пријавени обвинети лица. Истакна дека за јавниот обвинител подобра е опцијата да се оди на спогодба, но смета дека не треба да се оди со пониска казнена политика и дека секоја

странка бара поповолна ситуација за клиентот. Укажа на податокот дека на бранителите не им одговара овој институт, па од тука бројот на спогодби е мал.

Г-дин Ермон Незири даде пофалба во делот на конфискацијата и воедно даде позитивна оценка на извештајот на ОЈО ГОКК Скопје за 2023 година.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека извештајот на ОЈО ГОКК Скопје дава пресек на целокупната работа на ова јавно обвинителство. Кажа дека се опфатени се сите податоци за постапувањето на јавните обвинители, за сите дејствија што ги имаат превземено во извештајната 2023 година. Во делот на конфискациите кажа дека се на добро ниво и со оглед на недостатокот на јавни обвинители и стручна служба смета дека јавните обвинители успешно и прифесионално ги извршувале работните обврски. Позитивно го оцени извештајот и кажа дека ќе гласа за негово усвојување.

Откако никој не зема збор по оваа точка од дневниот ред ОЈО на ОЈО ГОКК г-дин Ислам Абази ја напушти седницата, по што членовите на Советот пристапија кон гласање за усвојување на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК Скопје за 2023 година. Со 9 гласа ЗА едногласно беше усвоен Годишниот извештај на ОЈО ГОКК Скопје за 2023 година.

**Закчучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно чл.9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени извештајот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје за 2023 година.**

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека до Советот на јавните обвинители од страна на ДКСК е доставена одлука под бр.09-2838/14 од 12.11.2024 година. Кажа дека истата била доставена до сите членови на Советот на разгледување и по истата, а во интерес на јавноста даде свои согледувања по истата, по што ја образложи истата пред членовите на Советот. Кажа дека ценејќи ја вредноста и надлежноста на ДКСК како институција која треба да превенира и да ги констатира состојбите доколку има судир на интереси. Потенцираше дека при разгледување на одлуката биле издвоени неколку работи за кои даде образложение. Кажа дека одлуката била донесена врз основа на чл.22 ст.1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и врз основа на чл.40 ст.3 од Деловникот за работа на ДКСК и воедно даде образложение за двата члена. Истакна дека во самата одлука во изреката согласно цитираниот член од Деловникот било наведено дека постапката по предметот во врска со назначување на член на Управниот одбор на АСЈО од страна на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители на РСМ, СЕ ЗАПИРА., што значи дека постапката се запира, врз основа на член од Деловникот кој што укажува дека нема повреда на ниту еден закон при утврдување на фактичката состојба. Кажа дека ДКСК утврдила дека Советот на јавните обвинители на РСМ, на седницата одржана на 29.10.2024 година, е донесена одлука за назначување на членови и заменици членови на Управниот одбор на АСЈО со која за

членови на УО на АСЈО биле назначени Душица Димитриеска и Башким Бесими членови на СЈОРСМ, спротивно на чл.9 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, а во врска со чл. 49 ст.1 и чл.44 ст.4 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси. Кажа дека ДКСК укажала на Советот да се превземат мерки за надминување на ваквата состојба односно да се стави вон сила погоре наведените одлуки пред истекот на мандатот на актуелниот состав на УО на АСЈО и почетокот на мандатот на новиот состав УО. Исто така ги прочита членовите на кои се повикува ДКСК, а тоа е чл.9 од Законот за АСЈО каде се наведува дека СЈОРСМ назначува двајца членови од редот на јавните обвинители. Воедно го цитираше чл.44 ст. 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, чл.49 ст.1. Истакна дека при утврдување на фактичката состојба не биле земени во предвид сите одредби од законите со кои е регулирана конкретната ситуација и не се толкувани како што тоа го има предвидено законодавецот. Укажа на фактот како би се избегнале ситуации со која се нанесува штета на угледот и интегритетот на Советот, а и заради информирањето на јавноста, напомена дека со одредбата од чл.44 ст.4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси истиот член се однесува не само на членовите на Советот, туку и на сите судии и јавни обвинители бидејќи сите се избрани лица. Во однос на чл.49 смета дека има потреба од посебна внимателност, со оглед на тоа што на крајот на овој член каде стои дека избрано или именовано лице не може да биде член на Управен или Надзорен орган освен ако со закон поинаку не е утврдено. Кажа дека тоа е утврдено со чл. 9 од Законот за АСЈО каде јасно стои дека Советот номинира двајца членови на УО на АСЈО од редот на јавните обвинители. Воедно Советот номинирал двајца членови од Советот кои се јавни обвинители. Кажа дека требало да се земат предвид сите овие одредби од споменатите закони. Истакна дека ДКСК можела да се обрати до Советот, а со цел за добивање на податоци и информации со што би се утврдила фактичката состојба. Потенцираше дека Советот секогаш е отворен за институционална соработка. Истакна дека ДКСК постапката ја има запрено и тоа врз одредба која укажува дека не била констатирана повреда на законот и да се стави вон сила одлуката на Советот. Нагласи дека според неа оваа одлука е НЕИЗВРШНА. Кажа дека членови на Советот членуваат во различни комисии и тела во други институции секаде каде тоа согласно законот е определено. Кажа дека и Претседателот на Советот на јавните обвинители се избира од редот на јавните обвинители откако претходно му се констатира мирување на функцијата јавен обвинител во јавното обвинителство од каде е избран. Од тука се поставува и прашањето како ДКСК константирала дека членовите на Советот не можат да бидат и членови на УО на АСЈО, а сите поготере наведено законски одредби укажуваат на спротивното. Воедно кажа дека во УО на АСЈО секогаш членувале членови на Советот и ДКСК никогаш не констатирала нерегуларности. Се поставува прашање како тоа што никогаш не било спорно и наеднаш станува спорно и се оспорува, а притоа сите одредби да законот не упатуваат кон таква состојба. Исто така го наведе и цитираше и чл. 28 од законот за АСЈО. Констатира дека нема повреда на законот и дека не може да станува збор за судир на интереси и повторно нагласи дека оваа одлука и нејзиното изготвување е НЕИЗВРШНА.

Збор зема г-ѓа Зорица Павловиќ која даде свое видување и кажа дека Советот на јавните обвинители на РСМ при донесување на одлуката за избор на членови на УО на АСЈО донела законита и правилна одлука кога ги избрала јавните обвинители како членови на УО на АСЈО. Кажа дека ДСКС постапувајќи по предметот бр.09-2838/1 од 04.11.2024 година, во однос на назначување на членови на УО на АСЈО е донесена одлука со која што истата се запира, што значи дека не е утврдена никаква повреда на закон. Посочи дека ДКСК му укажува на Советот на јавните обвинители на РСМ да се превземат мерки за надминување на констатирана состојба. Смета дека вака напишаната одлука има формално значење и правни недостатоци и истата е неизвршна. Воедно смета дека непостои конфликт на интереси од причина што членовите на Советот се јавни обвинители и додека ја извршуваат функцијата членови на Советот, функцијата јавен обвинител им мирува во матичните јавни обвинителства. Заклучи дека ваквата одлука е со формално правен недостаток, дека истата и неизвршна и дека Советот донел законита одлука со номинирање на јавните обвинители кои се воедно и членови на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Г-ѓа Марјана Илиеска со мислење е дека одлуката донесена од страна на Советот е законита и доколку доследно се применуна чл.44 ст. 4 од законот за спречување на корупција и судир на интереси на која што се повикува ДКСК и доколку се примени оваа норма за членови на УО на АСЈО не треба да се номинираат ниту судии ниту јавни обвинители, од причина што истите се избрани и именувани лица па согласно тоа би имало судир на интереси односно неспоивост на нивната функција со други функции. Исто така го истакна чл.28 ст.9 од законот за АСЈО и доколку членови на Советот не можат да бидат членови на УО во АСЈО тоа би било предвидено со закон. Смета дека членовите на Советот можат да бидат номинирани за членови на УО на АСЈО, со што смета дека одлуката на Советот е законита, а одлуката на ДКСК смета дека е неизвршлива со формално правни недостатоци .

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љипчо Коцевски кажа дека поради службен пат неприсуствувал на седницата кога било донесена одлука за номинација на членови на УО на АСЈО, постави прашање и го цитираше член чл.40 ст. 3 од Деловникот за работа на ДКСК.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го цитираше чл.40 ст. 3 од Деловникот за работа на ДКСК кој гласи: Државната комисија носи одлука за запирање на натамошното постапување по предмети во случаи кога со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на закон или кога поднесува иницијативи во други надлежни органи.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека била таа е која ја предложила претседателката на Советот да биде член на УО на АСЈО, поради континуитет бидејќи ја има заменето дотогашниот член на Советот и член на УО на АСЈО г-ѓа Фиданка Рајевска. Кажа дека за колегата Башким Бесими не било констатирано дека има судир на интереси. Кажа дека после одлуката на ДКСК за судир на интереси и сето тоа било пренесено во јавноста имала чуство дека ДКСК како единствен орган кој ги применува законот за спречување на корупцијата и судир на интереси

пред да ја види одлуката сметала дека Советот треба да донесе некаква поинаква одлука. Меѓутоа кога ја добила и разгледала одлуката на ДКСК го променила своето мислење и став и воедно ги кажа причините. Воедно кажа дека одлука за запирање донесена од страна на ДКСК значи дека не е констатирана повреда и дека нема судир на интереси и воедно го цитираше чл. 77 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Воедно кажа дека одлуката на ДКСК е конфузна, ќе остане на ставот дека одлуката е неизвршна и Советот не мора да постапи по истата.

Членот на Советот, г-ѓа Светлана Жупаноска зема збор и кажа дека пред се мора да се има во предвид дека за предлогот за номинирање на двајца членови и нивни заменици на Управниот одбор во Академијата за судии и јавни обвинители гласале сите членови на Советот на јавните обвинители, односно едногласно бил усвоен предлогот, претходно имајќи ги во предвид одредбите од Законот за АСЈО кои го регулираат составот и назначувањето на членови на Управниот одбор на Академијата, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и досегашната пракса. Ваквата одредба од Законот за АСЈО во однос на назначување на членови на Управниот одбор на Академијата од страна на Советот на јавните обвинители постои уште со измените на Законот за АСЈО од 04.09.2018 година и со новиот-важечкиот Закон за АСЈО од 21.06.2023 година таа останува иста. Државната комисија за спречување на корупцијата го доведува во прашање толкувањето на чл.9 од Законот за АСЈО, како и одредбата од претходниот закон кој од 2018 година го содржи истото законско решение. Се поставува прашање дали со измените од 2018 година целта било да се исклучат од учество во Управниот одбор, јавните обвинители - членови на Советот на јавните обвинители или пак интенцијата била токму спротивна? Понатаму наведе дека размислувањето на невладината организација во однос на ова прашање го почитува и секоја критика ја поздравува и е добро дојдена, бидејќи го поттикнува Советот да ги преиспита своите одлуки. Смета дека истата доведе до покренување на иницијативата од страна на ДКСК, која пак резултираше со донесување на една одлука воопшто неприменлива и неподобна за извршување, која си противречи во самата изрека. Имено во првиот став од изреката се запира постапката по предметот, наоѓајќи дека нема повреда, за да во наредните ставови од изреката се утврди дека Советот постапил во конкретниот случај спротивно на законот.

Збор зема г-ѓа Јелена Догазанска Колева која кажа дека потполно се согласува со досега кажаното од страна на членовите на Советот и воедно смета дека одлуката е неизвршна.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска заклучи дека одлуката на ДКСК е неизвршна од причините кои беа погоре наведени од страна на членовиите на Советот.

Под точка разно никој не зема збор по што Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи осмата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**